## НАРОДНА БАНКА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 47 став 1 точка 6 од Законот за Народната банка на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр. 158/10, 123/12, 43/14, 153/15 и 6/16) и член 4 став 4 од Законот за девизното работење („Службен весник на Република Македонија" бр. 34/01, 49/01, 103/01, 51/03, 81/08, 24/11, 135/11, 188/13, 97/15, 153/15 и 23/16), Советот на Народната банка на Република Македонија, донесе

# ОДЛУКА
## за начинот на кој резидентите отвораат девизни сметки
## („Службен весник на Република Македонија" бр. 42/16)

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

1. Со оваа одлука се пропишува начинот на кој банката може да им отвори девизна сметка на резиденти.

За потребите на оваа одлука, под банка се подразбира банка којашто согласно со Законот за банките, може да врши платен промет со странство.

За потребите на оваа одлука, под девизна сметка се подразбира трансакциска сметка на резидент правно или физичко лице, преку која се вршат наплати и плаќања со нерезиденти и со резиденти во девизи, пренос на средства од/на девизен депозит, како и уплати и исплати во ефективни странски пари, согласно со Законот за девизното работење и другите подзаконски акти донесени врз основа на овој закон (во понатамошниот текст: сметката).

За потребите на оваа одлука, под резидент се подразбира лицето коешто е определено како резидент, согласно со Законот за девизното работење.

## II. НАЧИН НА КОЈ БАНКАТА МОЖЕ ДА ОТВОРИ ДЕВИЗНА СМЕТКА НА РЕЗИДЕНТ

2. Банката може да отвори сметка на барање на резидентот, законскиот застапник на резидентот или на друго лице овластено од резидентот или законскиот застапник.

3. Пред да отвори сметка, банката задолжително го утврдува идентитетот на резидентот, неговиот законски застапник или на лицата овластени од нив за отворање/работење со сметката, врз основа на документацијата пропишана со оваа одлука.

4. Банката го идентификува резидентот - правно лице или резидентот - физичко лице коешто врши регистрирана дејност, врз основа на следнава документација:

- решение за упис или тековна состојба од трговскиот регистар и регистарот на други правни лица, односно од регистарот на надлежниот орган на Република Македонија ако уписот во регистарот е пропишан со закон, не постаро од три месеци;
- акт од надлежен орган за основање, ако резидентот - правно лице или резидентот - физичко лице коешто врши регистрирана дејност нема обврска за запишување во регистар;
- извод од закон, ако резидентот - правно лице или резидентот - физичко лице коешто врши регистрирана дејност, е основан согласно со закон, или
- решение од надлежниот суд за отворање стечајна постапка или известување од Централниот регистар на Република Македонија до банките за отворање стечајна постапка.

Покрај документацијата од ставот 1 од оваа точка, резидентот - правно лице или резидентот - физичко лице коешто врши регистрирана дејност во согласност со законските прописи на Република Македонија до банката доставува и име и презиме на лицата овластени за работење со сметката, со потпис од овие овластени лица со кои ќе се заверуваат документите во платниот промет и документ за идентификација на овие овластени лица.

5. Банката го идентификува резидентот - физичко лице, врз основа на важечка лична или патна исправа од која се утврдува постојаното место на живеење во Република Македонија.

Банката ги идентификува странските физички лица кои привремено престојуваат во Република Македонија, врз основа на важечка виза за престој, односно работна виза во траење од најмалку шест месеци.

6. Законскиот застапник или лицата овластени за отворање/работење со сметката на резидентот се идентификуваат врз основа на:

- важечки документ како доказ дека лицето е законски застапник на резидентот и документ за лична идентификација на законскиот застапник;
- писмен акт донесен од законскиот застапник на резидентот – правно лице и документ за лична идентификација за лицата што се овластуваат за отворање/работење со сметката;
- писмено овластување потпишано од резидентот – физичко лице или од неговиот законски застапник потврдено од овластено лице (нотар
- ако овластеното лице се појавува во банката во отсуство на имателот на сметката, односно законскиот застапник) и документ за лична идентификација на лицето што се овластува за отворање/работење со сметката.

7. При отворањето на сметката, банката може да побара од резидентот и друга документација согласно со своите интерни акти, како и податоци за контакт со резидентот.

8. Документацијата потребна за идентификација на резидентот од точките 4 и 5 од оваа одлука се доставува во оригинал или во копија заверена од нотар.

Банката задолжително задржува копија од доставената документација.

9. Документите од точката 4 став 1 алинеја 1 од оваа одлука може да се обезбедат и во електронска форма од Централниот регистар на Република Македонија, согласно со правилата за користење на е-системите на Централниот регистар на Република Македонија.

10. Банката може да отвори повеќе сметки на еден резидент, без разлика дали станува збор за едновалутна или повеќевалутна сметка.

Банката е должна да има електронски систем преку кој во секој момент ќе има пристап до сите сметки на резидентот, преку повикување матичен број, даночен број или идентификациски број на резидентот.

11. Банката не смее на физичко лице коешто има статус на резидент и има отворено денарска и/или девизна сметка, во исто време, да му отвори и/или да води девизна и/или денарска сметка со статус на нерезидент.

Доколку настанат услови за промена на статусот од резидент во нерезидент, банката е должна да изврши промена на резидентскиот статус на физичкото лице. Од денот на промената на статусот, физичкото лице во платниот промет во земјата и странство ќе настапува со статус на нерезидент.

12. При отворање сметка на резидент, банката е должна да склучи договор со клиентот. Со договорот задолжително се регулираат најмалку следниве аспекти:

- начинот на отворање, водење и затворање на сметката;
- начинот на прием и извршување на налозите за плаќање и наплата;
- начинот на известување за направените приливи и одливи на сметката;
- начинот на кој задолжително се врши ажурирање на документацијата на резидентот;
- видот на трошоците, провизиите или други надоместоци поврзани со работењето на сметката коишто клиентот има обврска да ѝ ги плаќа на банката и начинот на известување во случај на нивна промена.

Договорот од ставот 1 од оваа точка го потпишуваат резидентот и банката, односно лицата овластени за нивно застапување или лицата коишто тие ќе ги овластат. Договорот за отворање сметка со резидент може да биде потпишан и со квалификуван сертификат, издаден од овластен издавач во земјата или странство.

Доколку банката и резидентот се договорат за отворање повеќе сметки, тие се должни да склучат посебни договори за секоја сметка.

13. Банката е должна, на лесно достапен начин, да ги објавува видот и висината на трошоците, надоместоците и провизиите поврзани со работењето на сметката.

14. Банката е должна да воспостави интерни акти во кои ќе бидат уредени динамиката и потребната документација за ажурирање на податоците за резидентот, начинот на објавување на видот и висината на трошоците,

надоместоците и провизиите поврзани со работењето на сметките и начинот на известување за нивната промена, како и начинот на воспоставување и водење евиденција за неажурираните сметки.

## III. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

15. За девизните сметки отворени до датумот на влегување во сила на оваа одлука, банката е должна, најдоцна до 1 јули 2016 година, да обезбеди услови за соодветно известување на резидентите за начинот на објавување на видот и висината на трошоците, надоместоците и провизиите поврзани со работењето на сметките и за начинот на известување во случај на нивна промена.

16. Со влегувањето во сила на оваа одлука престанува да важи Одлуката за начинот на отворање девизни сметки на резиденти („Службен весник на Република Македонија" бр. 41/07, 105/07 и 15/09).

17. Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија", а ќе се применува од 1 мај 2016 година.

**О бр. 02-15/II-6/2016**
**25 февруари 2016 година**
**Скопје**

**Гувернер**
**и претседавач**
**на Советот на Народната банка**
**на Република Македонија**
**Димитар Богов**